# Блажен остров на светителите

Отец Климент- Зрзе

Кипар, којшто историјата и традицијата го нарекувале "макариј", блажен, остров на бакарот и кипарисот, мил крај, остров на светителите, го отсликува во вистинската смисла на зборот развојниот пат на човештвото и неговата судбина. Неговата положба на тромеѓето на три континенти, Европа, Азија и Африка, го направила раскрсница и мост помеѓу југ и север, исток и запад. Од легендарните времиња до нашите денови, Кипар бил истовремено почетна точка и цел на освојувачите, на народите кои копнееле за соседните и далечните земји и тежнееле за проширување на својата територијална и политичка моќ.

Од нашите пријатели на Кипар, кои љубезно нè пречекаа на аеродромот во Ларнака, веќе добивме впечаток за жителите на островот. Во самиот почеток од нив бевме запознати за историјата на островот и неговата цивилизација.

*Од легендарните времиња до нашите денови, Кипар бил истовремено почетна точка и цел на освојувачите, на народите кои копнееле за соседните и далечните земји и тежнееле за проширување на својата територијална и политичка моќ*

Кипар

### Кипар и елинизмот

Гледано од етнолошки аспект, Кипар во почетокот припаѓал во земјите на Истокот, од кои поради блискоста претрпел големо влијание. Но, почнувајќи од вториот милениум пред Христа, кога елинските Микени се населиле таму, отпрвин како трговци а потоа како колонисти, островот му припаднал на елинскиот етнички простор. Старото пределинско население, како и Фениканите населени во некои трговски центри, им покажале голем отпор на освојувачки настроените Микени, но на крајот тој се заврши со покорување или претопување на староседелците. Оттогаш, животот на островот го задржал својот елински карактер, и покрај зачестените историски потреси. Според Херодот, единството на Елините било докажано со заедничката крв, заедничката религија, заедничкиот јазик и заедничкиот карактер.

### Кипар, цивилизација низ вековите

Кипар бил покоруван од разни соседни народи, и тоа по ред од Египќаните, Асирците, па повторно од Египќаните, дури и од Персијците. Александар Велики го освоил и го оставил на своите наследници, по нив дошле Римјаните, а потоа Византијците го про-









гласиле за своја провинција. По нив дошол англискиот владетел Ричард Лавјо Срце кој им го отстапил на Франките, па Кипар низ три века бил една од нивните држави. Во наредниот период островот повторно ги менувал господарите, преминувајќи од рацете на Венецијанците во рацете на Турците и на Англичаните, за најпосле во 1960 година да стане независна држава, членка на ОН по херојската борба за ослободување. Наспроти тоа, елинскиот карактер на островот е очигледен и сега, во секоја од неговите манифестации. Иако Кипар географски ѝ припаѓа на Азија, по својата култура тој е дел од Европа и претставува најистурена точка на елинската цивилизација кон Исток.

## Неа Јустинијана

Во времето на Јустинијан (527-565), кога тој на своето родно место во Македонија посакал да му оддаде почест, му го променил името во Јустинијана Прима, и во него воспоставил архиепископија.

Во новото устројство над новите црковни центри на Исток, меѓу Цариград, Александрија, Антиохија, Ерусалим,

Солун, Јустинијана Прима, се наоѓа и црквата на Кипар која поради чест спрема императорот Јустинијан, но и поради рангот е наречена Неа Јустинијана. Оваа црква е единствената која го преживеала стариот ”провинциски” систем со архиепископ кој независно претседава со епископите на таа провинција. Нејзините почетоци датираат уште во 45 година по Христа, кога христијанството се раширило и на Кипар благодарение на апостолите Павле и Варнава кои устројуваат евхаристиска заедница на островот. За време на Третиот Вселенски собор, по основањето на Кипарската автокефална црква, островот е наречен остров на светителите, поради големиот број светители кои во него негувале христијански етос. Меѓу овие свети личности многумина биле познати книжевници и поети кои се втемелиле во славната Неа Јустинијана. Она што го забележа нашето око е дека и во наше време има достојни потомци на кипарските свети отци.

## Митрополијата во Лемесос

Во континуитет на светотечкото предание на Црквата во Кипар можевме да се увериме и самите како гости на митрополит Атанасиј од епархијата Лемесос, поранешен монах на светогорскиот манастир ”Ватопед”. Некои од нас го познаваа уште додека престојуваше на Света Гора. Големината на неговата личност ја откривме преку делата за коишто слушнавме за време на ручекот приреден во наша чест. Од страна на домаќинот бевме запознати со појава на голем број млади луѓе кај кои заживува верата во Бога. Лемесискиот митрополит Атанасиј причината за овој феномен ја гледа во тајната на евхаристискиот живот на Црквата: ”Многумина од младите страдаат повредени од болестите на модерната доба, пред сè од дрогите. Токму поради тоа во манастирот Махера благословив да се устрои центар за детоксикација и ресоцијализација на заболените, користејќи една американска програма приспособена на  нашиот регион. Љубовта беше таа што нè поттикна за реализација на овој проект. Со резултатите сме задоволни”, смирено потврди владиката.  ”Вашето искуство нам многу ќе ни користи, бидејќи потребите налагаат и кај нас во Македонија да се устрои ваков центар”, рече митрополит струмички Наум. Црквата мора да се соочи и активно да се бори против ова зло, беше нашата заедничка  констатација.

Заблагодарувајќи се на љубовта со која нè пречека и испрати митрополитот на Лемесос Атанасиј, со нашите пријатели се упативме кон манастирот ”Панагијас тис Кику”.

## Макариј и Кику

Изборот да се посети овој манастир не беше случаен. Неговата историја е органски поврзана со историјата на народот на  островот. Доволна илустрација за ова е фактот дека на врвот Кику, на манастирски имот е гробот на првиот претседател на независен Кипар, блажењејшиот архиепископ Макариј. Посетувајќи го неговиот гроб, од она што го бевме слушнале за него и од епитафот на гробот, ја почувствувавме неговата љубов спрема народот, но и за време на нашиот престој на Кипар ја видовме љубовта на народот спрема својот прв претседател. ”Не случајно посакал да биде закопан на ова место”, ни рекоа нашите пријатели. Овде е замонашен, овде имал послушание да го чува стадото на манастирот и одовде продолжува да се школува, за на крај да посака токму овде да почива.

## Предание за манастирот Кику

За устројувањето на овој свет манастир има многу преданија, но ние буквално Ви го пренесуваме она што го слушнавме во гостоприемницата на манастирот, искажано од отец Исаиј, еден од монасите од братството.

Светиот манастир на Пресветата од Кику се втемелил кон крајот на XI век за време на византискиот автократор Алексеј Први Комнен (1081-1118).

Според преданието, на планината Кику, во една пештера живеел доблестен еремит, по име Исаиј. Еден ден, византискиот управник од островот Емануил Вутомитис,  наспроти летната жега, навлегол во селото Маратасас и навлегол длабоко во шумата за лов. Навлегувајќи во горота се изгубил во шумата. Сретнувајќи се со монахот Исаиј, побарал од него да му го покаже патот за назад. Подвижникот, избегнувајќи ги световните луѓе, не одговорил на неговото прашање. Осуетен од постапката, Вутомитис не само што му се налутил на монахот, туку и му напакостил. Не поминало многу време кога, враќајќи се војводата во Лефкосија (Никозија), се разболел од една слабост, наречена летаргија. Во својата болка се сетил колку нечовечки постапил спрема пустиножителот Исаиј и го замолил Бога да го исцели, за да оди да побара лично прошка. Така и станало. Бог му открил на аскетот дека сите настани се случиле со негова промисла, и го подготвил да побара од Вутомитис да ја донесе на Кипар иконата на Богородица којашто ја живописал апостол Лука, а се чувала внатре во палатата на автократорот во Константинопол. Кога Вутомитис ја слушнал желбата на еремитот, се исплашил зашто му се видела невозможна. Тогаш Исаиј му објаснил дека станува збор за Божја волја и двајцата се согласиле да отпатуваат во Константинопол.

Времето поминувало и Вутомитис не наоѓал можност за да се доближи до автократорот и да ја побара иконата. Поради оваа причина откако го снабдил Исаиј со икони и други неопходности, го испратил на Кипар убедувајќи го оти наскоро ќе го види автократорот. По Божјо допуштение, ќерката на автократорот се разболела од истата болест како онаа на Вутомитис. Емануил, добивајќи можност, се приближил пред автократорот Алексеј, му ја опишал случката со монахот и го уверил дека ќерка му ќе се исцели ако ја испрати светата икона на Богородица на островот Кипар. Нажалениот автократор, немајќи друг избор, се согласил да ја

даде иконата. Ќерката веднаш се исцелила. Но, сепак, автократорот, не сакајќи да се одвои од иконата на Богородица, го повикал најдобриот зограф и му наредил да направи копија од светата икона со цел неа да ја испрати на Кипар. Вечерта во сон на автократорот му се јавила Богородица и му открила дека нејзина волја е да се испрати иконата на Кипар, а копијата да ја зачува за себе. Во следниот ден, царскиот кораб со иконата на Богородица се упатил на Кипар, откаде ја презел монахот Исаиј. Секаде каде што поминувала иконата, од пристаништето до шумите на Троодус, согласно со преданието, дрвјата, поклонувајќи се на входот ги наведнувале побожно гранките. Со парите кои ги испратил автократорот Алексеј Комнен се издигнал храм во манастирот каде што се устоличи иконата на Богородица. Согласно со друго предание, коешто е зачувано кај народот, една птица со човечки глас пеела во областа и црцорела:

*Во Кику Кику шумата*
*Манастир ќе стане*
*Една златна госпоѓа ќе влезе*
*И никогаш нема да излезе*

Несомнено, златната госпоѓа е иконата на Богородица, манастирот е свештената царска и ставропигијална обител Кику, која е удомена овде-ка повеќе од деветстотини години - истакна отец Исаиј, предлагајќи ни да го посетиме музејот во манастирот.

## Музејот во Кику

Музејот на светиот манастир Кику типично ги има сите ознаки на современ музеј, но суштински коренито се разликува од нив.

Не е еден музеј искоренет од литургиско-то место на дела коишто претставува, ниту еден музеј, којшто открива дела само за нивната уметничка вредност, како што се музеите за архаична елинска уметност. Ова е еден музеј што се наоѓа во самиот манастир и зазема едно место од него како манастирска ризница и ги претставува предметите, иконите, светите путири и дискоси, резби, одежди, ракописи и друго, како сведоштво од живата вера и историја на манастирот. Во музејот на светиот манастир Кику се зачувани непроценливи црковни текстови коишто ја зачувале ревноста и љубезноста на монасите, дела кои го победија распаѓањето, разделувањето и исчезнувањето, дела со значење, со иднина, со историја.

## Економијата на Кику

Уште кога се искачувавме по планинскиот масив Троодос, поради суровиот и планински терен, се провлече прашањето за егзистенција на жителите од околните села од областа. Одговорот го добивме во манастирот, кога отец Исаиј ни ја покажа манастирската економија. Таа, меѓу другото, се состоеше од една мини-фабрика за производство на вино, ракија и ликери. Иако невообичаено но, сепак, братството на овој свет манастир, возглавено и водено од игумен кир Никифор, со цел да ја спречи миграцијата село - град, дошле до идеја да го изградат овој комплекс. Со откупување на грозјето од локалното население и вклучувајќи го во неговата преработка го запираат процесот на иселување. Од заработувачката со продажба на производите финансираат проекти (детски градинки, спортски сали) за подобрување на условите на жителите од регионот. Поради највисокиот квалитет на механизацијата што ја користат за изработка на суровините, и поради аманетот наследен од отците при производството да не се користи синтетика, туку сè што ќе се произведе да биде чисто, по природен пат, нивните производи го надминуваат вообичаениот стандард на квалитет. Ја имавме таа можност да вкусиме од нивниот благословен труд. Видовме добар начин како да заживеат и кај нас некои од манастирските економии.

## Кипар и свети Лазар

Упатувајќи се кон аеродромот во Ларнака, имавме желба да се поклониме на гробот на свети Лазар. Тука нè чекаше отец Лазар, поранешен светогорски монах кој во Ларнака е пред неколку години. Посакувајќи ни добредојде, направи краток историски осврт за градот и црквата. Меѓу другото, нагласи дека Ларнака, древниот Китион, е историски поврзана со три значајни личности на минатото: со философот на Стоичката школа Зинон (кој бил роден тука), со атинскиот генерал Кимон (кој умрел борејќи се за ослободувањето на Кипар од персиските освојувачи), и со свети Лазар, Христовиот пријателот, којшто прогонет од Јудеја нашол прибежиште на Кипар, и живеел тука сè до својата смрт како прв епископ китиски. Престојувањето на свети Лазар на Кипар се одразило во месните традиции, но како главно свидетелство за тоа сведочи велелепниот византиски храм, изграден на гробот на светителот. Поклонувајќи се на неговиот гроб, кој се наоѓа под нивото на олтарната апсида, заминуваме кон аеродромот со силен впечаток.

## Ние и Кипар

На крајот од нашата посета констатиравме: Кипар, со историја од осум илјади години, останува едно од активните жаришта на современата цивилизација. Во него византиската традиција е посилна во Црквата и кај народот на Кипар, отколку во другите краишта на Грција. Кипарскиот архиепископ го има задржано исклучителното право, симболите на византискиот цар, а одекот на јуначките дела на Византијците во нивните борби на Средниот Исток, особено подвигот на Дигенис Акритас со народните песни испеани околу неговото име, сè уште се разлева низ островот. Иако островот има многу проблеми за решавање, тој сепак успева да се вброи во најнапредните европски земји, не само од аспект на историјата и народната традиција, туку и според својата елинска култура втемелена на христијанска основа.